# ГРАД СКОПЈЕ

Предлагач: Градоначалник на Град Скопје

Изготвувач: Сектор за финансиски прашања

Претставник: Снежана Митревска
Раководител на Сектор за
финансиски прашања

## ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2022 ГОДИНА

Скопје, март 2022

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002 година), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21), Советот на Град Скопје на ___________ седница одржана на___________2022 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2022 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот и проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2022 година и тоа на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

| | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0 | 0 | 0 | 71,594,000 | 0 |
| | | | | | | |
| | | 0 | 0 | 0 | 71,594,000 | 0 |

И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:

| | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К1** | **Библиотекарство** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 543,000 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К2** | **Музичко и сценско-уметничка дејност** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 1,073,000 | 0 |
| | | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 0 |
| | | | | | | |
| **К3** | **Музичка и кинотечна дејност** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 3,851,000 | 0 |
| | | | | | | |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 0 |
| | | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 0 |
| | | | | | | |
| **Н2** | **Средно образование** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | 44,377,000 | 0 |
| | | | | | | |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 6,000,000 | 0 |
| | | | | | | |
| 481230 | Реконструкција на објекти сместување | 0 | 0 | 0 | 15,000,000 | 0 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | 0 | 0 | 0 | 71,594,000 | 0 |
| | | | | | | |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје„ и станува составен дел на Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Број ______________
_________ 2022 година
С к о п ј е

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TЛ SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Д-р Трајко Славески

________________________

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје.

Предлог – Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2022 година е изготвена согласно член 34 став 4 и став 5 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 151/21) каде што е наведено дека: во случај кога приходите и другите приливи се реализираат над планираниот износ, градоначалникот доставува барање за

зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети до Советот.

Со Предлог-Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2022 година се предвидува проширување на средствата во буџетот на дотации, а со цел да се овозможи планирање на пренесениот вишок на приходи од претходни години. Согласно тоа во буџетот на дотации, соодветни измени се изготвени во потпрограмите и тоа зголемување во износ на 543,000 денари во потпрограма К1- Библиотекарство, зголемување во износ на 1,373,000 денари во потпрограма К2- Музичко и сценско-уметничка дејност, зголемување во износ на 4,301,000 денари во потпрограма К3-Музичка и кинотечна дејност како и зголемување во износ на 65,377,000 денари во потпрограма Н2- Средно образование.

Буџетот на дотации се предлага да се зголеми во вкупен износ од 71.6 милиони денари, односно колку што изнесува пренесениот вишок на приходи од претходни години во сите потпрограми.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Предлог – Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.